# З А П И С Н И К

**Од јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина (и социјални аспекти) за проектот: ИЗГРАДБА НА ДРЖАВЕН ПАТ А4 ГП БЛАЦЕ - СКОПЈЕ, ПОДДЕЛНИЦА 2 - ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ ОД КЛУЧКАТА СО ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА С. БЛАЦЕ (КЛУЧКА БЛАЦЕ) ДО СКОПЈЕ (КЛУЧКА СТЕНКОВЕЦ) КМ 2+000 ДО КМ 12+500, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје**

***(Јавна расправа се одржа во општина Чучер Сандево, во село Кучевиште со почеток во 11:00 часот)***

На ден **10.05.2022 година (вторник)** во просториите на Општина Чучер Сандево (с. Кучевиште), со почеток од 11.00 ч. беше одржана Јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина (ОВЖС) за проектот: "**Изградба на државен пат А4 ГП Блаце - Скопје, подделница 2 - изградба на автопат од клучката со локален пат за с. Блаце (клучка Блаце) до Скопје (клучка Стенковец) km 2+000 до km 12+500**". Јавната расправа беше организирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во соработка со Инвеститорот – Јавно претпријатие за државни патишта (ЈПДП) и Општина Чучер Сандево.

Присутни:

- Александар Петковски – Помошник раководител во Сектор за животна средина, УЖС при МЖСПП
- Јоже Јовановски – Раководител на Одделение за животна средина и социјални аспекти, ЈПДП
- Даринка Митева – Советник за заштита на животна средина, ЈПДП
- Менка Спировска – Експерт за ОВЖС (претставник на конзорциум "(IPF7)" предводен од "ХИЛ ИНТЕРНЕШНЛ") – овластен експерт за ОВЖС и потписник на Студијата
- Јулијана Никова – Експерт за ОВЖС (претставник на конзорциум "(IPF7)" предводен од "ХИЛ ИНТЕРНЕШНЛ")
- Борис Стипцаров - Претставник на конзорциум "(IPF7)" предводен од "ХИЛ ИНТЕРНЕШНЛ") – Експерт за социјални аспекти
- Ioannis Kasounis - Претставник на конзорциум "(IPF7)" предводен од "ХИЛ ИНТЕРНЕШНЛ") – проектант
- Vasiliki Katrami - Претставник на конзорциум "(IPF7)" предводен од "ХИЛ ИНТЕРНЕШНЛ") - проектант
- Заинтересирани/засегнати граѓани (во прилог е Листа на присутни од јавната расправа)

Јавната расправа се одвиваше по следниот редослед:

**1. Отворање и вовед**

Јавната расправа ја отвори и водеше г. Александар Петковски – Помошник раководител во Секторот за животна средина од Управата за животна средина при МЖСПП. Тој нагласи, дека целосно се почитува и се постапува согласно националното законодавство за транспарентно претставување на Студијата за оцена на влијанија во животна средина (ОВЖС) и вклучување и комуникација со јавноста. Согласно постапката за ОВЖС – јавната расправа има за цел да ја претстави Студијата за ОВЖС од аспект на идентификувани потенцијални влијанија врз клучните медиуми на животната средина, како и предвидените мерки за заштита, ублажување и избегнување на негативните влијанија.

Претставникот на инвеститорот ЈП за државни патишта, г. Јоже Јовановски ги поздрави присутните и посочи дека изградбата на нов автопат од Граничниот премин (ГП) Блаце до Скопје (клучка Стенковец) е многу важен проект за поврзување на Република Северна Македонија со Косово и е дел од Европската рута 6, која не поврзува со Јадранско море преку Албанија и Црна Гора. Делницата на новиот автопат е со должина од околу 12,5km и е поделена на две подделеници заради нејзина побрза реализација.

Првата подделница, од ГП Блаце до клучка за излез за с. Блаце со должина од околу 2 km, е во изградба со средства од ЈП за државни патишта, додека втората подделница, која е предмет на Студијата за ОВЖС, е во фаза на проектирање од страна на Конзорциумот ИПФ7 Хил Интернешнл и е со должина од околу 10,5 km.

Проектирањето се врши на ниво на Проект за инфраструктура и Основен проект, а средствата за проектирање се обезбедени од ВБИФ Инструментот на ЕУ.

Во рамки на ВБИФ инструметот веќе се обезбедени грант средства во износ од околу 28 милиони евра, за што водечка банка е Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Во моментот во тек се преговори за потпишување заем со ЕБОР за изградба на втората подделница, заради што, проектирањето се одвива и според строгите брања на банката, секако почитувајќи ги националните закони и подзаконски акти. Затоа, паралелно тече процесот на јавни консултации според националното законодавство и барањата на ЕБОР и Студијата за ОВЖС, што се презентира, содржи и посебни поглавја поврзани со идентификување влијанија врз социјалните аспекти и соодветно предвидување мерки за избегнување, намалување и компензирање на влијанијата врз засеганото население и правните лица.

Целта на проектот е да се изгради модерно автопатско решение, по сите меѓународни стандарди, безбеден за сообраќај со посебен допринос кон подобрување на економските врски со Косово и зголемување на билатералната соработка.

Согласно динамиката за реализација на Проектот, предвидено е проектирањето да заврши кон средината на 2022 година и се очеква тендерска постапка да заврши до крај на 2022 година, додека градбата се очекува да трае 48 месеци заради тешкиот терен и потребата од изградба на тунели, мостови, вијадукти и други објекти на автопатот.

Постојниот пат од ГП Блаце до клучка Стенковец ќе остане да се користи како алтернативен пат на новиот автопат и во најскоро време целосно ќе се рехабилитира од страна на ЈП за државни патишта.

## 3. Презентација на Студијата

Г-ѓа Менка Спировска – како Експерт за ОВЖС и изготвувач и потписник на Студијата за ОВЖС, ги поздрави присутните и рече дека Студијата е изработена согласно барањата на националното законодавство и барањата на ЕБОР за што е посветено многу време и анализирани се сите медиуми на животната средина и социјалните аспекти, вршени се теренски посети и мерења на квалитет на воздухот, водите и бучавата со цел изработка на квалитетна Студија. Таа ги повика присутните на јавната расправа сите прашања што ќе ги имаат во врска со Студијата да ги постават по презентацијата во делот за дискусија и истите ќе бидат соодветно одговорени од страна на тимот на проектот и инвеститорот. Посебните поглавјата од Студијата во повеќе детали ќе ги претстави г-ѓа Јулијана Никова – Експерт за ОВЖС.

Г-ѓа Јулијана Никова ја презентираше Студијата за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) за проектот: "**ИЗГРАДБА НА ДРЖАВЕН ПАТ А4 ГП БЛАЦЕ - СКОПЈЕ, ПОДДЕЛНИЦА 2 - ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ ОД КЛУЧКАТА СО ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА С. БЛАЦЕ (КЛУЧКА БЛАЦЕ) ДО СКОПЈЕ (КЛУЧКА СТЕНКОВЕЦ) КМ 2+000 ДО КМ 12+500**", за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје. Во презентацијата на Студијата за ОВЖС беа образложени и елаборирани основните карактеристики на проектот, состојбата со животната средина и социјалните аспекти, алтернативите за трасата и препорачаната алтернатива за развој на проектот на ниво на основен проект, идентификуваните влијанија од развојот на проектот, мерките за избегнување, намалување и/или компензирање на негативните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, планот за управување со животната средина и социјални аспекти,  анализата на ризици и  план и мерки за заштита од незгоди, како и мониторинг план за следење на одредени параметри за критични медиуми во животната средина.

Повеќе детали за описот, локацијата и техничките карактеристики за проектот презентираше проектантот г. Јанис Касунис. Тој посочи дека постојниот пат ќе остане во функција, а новиот автопат главно се протега источно од постојниот пат, гледано по стационажа. Трасата во првиот дел од km 2 поминува низ планински предел со многу

објекти на патот – тунели, вијадукти, мостови и сл., додека во вториот дел на трасата оди во ритчест и рамничарски дел, до клучката Стенковец.

Социјалните аспекти од развојот на проектот ги презентираше г. Борис Стипцаров. Тој посочи дека трасата е водена со цел да избегне рушење на објекти – пред се објекти за домување и бизниси. Сепак има неколку помошни објекти за чување на добиток и сл. кои ќе мора да се рушат поради многуте ограничувања на просторот и изграденоста на инфраструктура, како што се: спортскиот аеродром „Стенковец", стрелиштето на Министерството за одбрана, објект на МВР и неколку бизниси близу клучката Стенковец. Во најголем дел трасата ќе поминува низ шуми и земјоделско земјиште.

По презентацијата на Студијата за ОВЖС, а пред да започне дискусијата, Г-ѓа Јулијана Никова информираше, дека сите прашања на присутните на јавната расправа ќе бидат земени предвид и доколку е соодветно, ќе бидат адресирани во Студијата за ОВЖС. Потоа, финалната Студија за ОВЖС ќе биде објавена на Интернет страницата на МЖСПП.

## 4. Дискусија

Г. Александар Петковски го отвори делот за дискусија и прашања од заинтересираните присутни.

Дискусијата започна со прашање од **граѓанин** кој сакаше да знае дали со изградбата на автопатот се оставени постојните пристапи кон нивите.

Г. Јанис Касунис објасни дека при проектирањето на трасата и објектите на автопатот предвид се земени сите постојни локални асфалтирани патишта за пристап со потпатници и натпатници и дека е оставен дополнителен простор од оградата во ширина од 3-5 метри со цел сопствениците да имаат пристап до имотите и објектите преку сервисен пат . Тој додаде дека, на новиот автопат ќе има една наплатна станица (патарина). Во близина на клучката Стенковец локалниот пат е поврзан со кружен тек поради одвојување на сообраќајот од автопатот и локалниот сообраќај со цел поголема безбедност на учесниците во сообраќајот. За секој водотек, порој или суводолица што го сече трасата на автопатот предвидени се соодветни објекти – мостови, вијадукти, плочасти или цевасти пропусти.

**Г. Станимир Станикевски** праша како ќе се поминува преку Вражанска река. Г-ѓа Спировска одговори дека Вражанска река ќе се поминува со мостовска констукција, а после мостот е проектиран кружен тек.

**Г-ѓа Дивна Миличиќ од Аеродромот Стенковец** предложи дека во проектот за автопатот мора да се раководи според Правилник за ограничувања за максималната висина на било која градба или надземна структура, при што, треба да бидат земени предвид сите пропишани услови во однос на безбедноста на воздушен сообраќај.

Г-ѓа Никова објасни дека во Студијата за ОВЖС и во проектот се земени предвид сите аспекти и границите на аеродромот Стенковец и дека во студијата на страна бр. 33 се цитирани сите овие барања, како и тоа дека се почитуваат прописите во

мислењето, коишто се во согласност во  Член 76 од Законот за воздухопловство. Од надлежен орган АЦВ за аердромот Стенковец е побарано и е добиење мислење за границите на аеродромот со цел да се проектира автопатот.

Понатаму, прашање постави **г. Гани Драшковиќ -** кога ќе се знае низ кои парцели ќе поминува трасата на автопатот и колку ќе се плати за одземеното земјиште?

Г-ѓа Спировска одговори дека тоа е посебна процедура. Во овој момент согласно национално законодавство се изготвува оваа Студија за животна средина, која треба да се презентира пред јавноста и да се одобри од надлежен орган. Со овој документ јавноста се запознава  со аспектите и влијанијата на изградбата на автопатот врз животната средина за да може локалното население на време да реагира. Паралелно со изработката на оваа Студија се изработува и Инфраструктурен проект и Елаборат за експропријација, со сите парцели кои ќе се експроприраат и врз основа на кој документ ќе се направи проценка за вредноста на имотот од страна на независни проценители. Г.  Борис Стипцаров дополни дека штом се одобри Инфрастуктурниот проект, врз основа на Елаборат за експропријација, независни проценители на терен ќе извршат процена, според методологија за процена на земјиштето, овошки, насади и евентуално за објекти доколку треба да се рушат. На сите сопственици, на кои ќе им бидат засегнати имотите, по извршена процена ќе им се плати надомест.

Г-динот Јовановски дополни дека до средина на годината се очекува да биде изработен Инфраструктурен проект. Кога ќе го одобри Министерството за транспорт и врски, ќе се изработи Елаборат за експропријација, во кој ќе има експропријациона линија со која ќе се знае точно на кои парцели ќе поминува автопатот. На оваа јавна расправа се претставува трасата, препорачана со Студијата за ОВЖС, но со елаборатот за експропријација ќе се знае точно кои парцели се одзематт, дали се одзема цела и само дел од парцелата и т.н. По должината на трасата има државно земјиште, во сопственост на Република Северна Македонија и приватни сопственици. За парцелите во приватна сопственост, бидејќи патот е од јавен интерес, постапката се спроведува согласно со Законот за експропријација. Според Законот за експропријација, ЈП за државни патишта  ангажира проценители од Бирото за судски вештачења и тие излегуваат на терен и прават пресметка на имотот согласно методологија која е утврдена со закон и на крај прават процена на вредноста на имотот. Понатаму постапката се води преку Јавното Правобранителство и Управата за имотно-правни работи. Преку канцеларијата, која е надлежена за општина Чучер Сандево, секој кој има имот, ќе биде повикан, врз основа на прценката, да склучи спогодба. Доколку сопственикот се согласи со цената, се склучува Спогодба и ЈП за државни патишта за многу брзо време ја исплатува проценетата сума. ЈП за државни патишта  никогаш не прави проблем за исплата, бидејќи секогаш има резервирано средства за исплата по основ на експропријација. Доколку сопственикот не се согласува со проценетата сума, тогаш може да се покрене судска постапка со барање за процена на повисока сума. Доколу судот пресуди повисока сума, тогаш ЈП за државни патишта ја исплаќа таа сума врз основа на судска пресуда.

Сите засегнати лица со експропријацијата, ќе бидат повикани на уште една јавна расправа, независна од оваа за животна средина, согласно процедури на ЕБОР. На таа јавна расправа ќе се објасни постапката за експропријација и ќе се сподели на увид Елабортатот за експропријација со цел да се провери која парцела или дел од парцела се одзема.

Под претпоставка дека Проектот за инфраструктура ќе се одобри ова лето, најдоцна до септември ќе се изработи документ - План за експропријација (реселување). На оваа расправа, ќе бидат поканети со писмо сите засегнати лица од експропријацијата, односно сопствениците според имотен лист и адреса на живеење.

Еден присутен **граѓанин** на расправата праша дали ќе може да се направи замена на земјиште за друго државно земјиште, на што г. Јоже Јовановски одговори дека ЈП за државни патишта не располага со имот и државно земјиште, туку само прави исплата на пари на сметка за имот што се експроприра.

Следно, **г-ѓа Слободанка Блажевска** праша дали доколку при експропријација не се одземе цела парцела, што се случува со останатиот дел од парцелата, дали ќе може да се користи останатиот дел.

Г. Јовановски објасни дека во зависност од линијата на експропријација, ќе се знае колкав дел од пацелата ќе биде одземена. Ќе има и заштитна зона на патот која може да се користи, но на оваа зона не може да се градат објекти. Во некои случаи се одземаат цели парцели, но можно е и да се одземе само дел од парцела. Со проектот може да се формираат т.н. мртви зони на парцелата кои се најчесто агли/ќошиња од парцелите кои на барање на сопственикот, може да се изврши дополнителна доекспропријација, доколку навистина се утврди таква состојба.

Се постави прашање од **граѓанин дали е ова дефинитивна траса**, на кое г. Јовановски одговори дека се работи за препорачана траса врз основа на која се прави Основен проект. Штом трасата ќе се одобри од страна на Министерството за транспорт и врски на ниво на Проект за инфраструктура, тогаш се смета како дефинитивна траса. Беше презентирано дека претходно проектантот разгледувал повеќе варијанти за најповолна траса и оваа траса за која разговараме тука е избрана како најповолна во мултикритерумска анализа и за која се изработува Основен проект.

Бидејќи немаше други пријавени за дискусија, јавната расправа заврши во 13:30 часот.

**Надлежен орган на државната управа:**

**Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) –** ***Управа за животна средина***

Плоштад Пресвета Богородица бр.3

1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Јавно Претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија -**

***Одделение на заштита на животната средина и социјални аспекти***

**Назначено лице за контакт**:

Јоже Јовановски, Раководител на Одделение на заштита на животната средина и социјални аспекти

**Адреса на инвеститорот**: "Даме Груев" бр.14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Тел. 02 3118-044 лок.305 Факс: 02/3220 535**

**E-mail адреса:** j.jovanovski@roads.org.mk

**Web страна на инвеститорот:** http://www.roads.org.mk/

Слика 1 – јавна расправа



Слика 2 – јавна расправа



Слика 3 -  дел од трасата на автопатот кај клучка Стенковец



Листа на учесници на јавната расправа

**Листа на присутни лица на Јавната расправа за проектот:Изградба на (клучка) Блаце - Скопје (клучка) одржана на ден 10.05.2022година (Вторник), во просториите на општина Чучер Сандево со почеток во 11.00 часот.**

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 1 | Александар Поповски | МЖСПП | |
| 2 | Зоиќе Јовановски | ЈПДП | |
| 3 | [illegible] | | |
| 4 | Димовски [illegible] | | |
| 5 | Зовре Славковски | | |
| 6 | Ангеле Пејковски | | |
| 7 | Љубомир Гоговски | | |
| 8 | Бошевска Душка | | |
| 9 | Сашо Станковски | | |
| 10 | Дивна Милчиќ | Аероклуб С | |
| 11 | Даринка Митева | ЈПДП | |
| 12 | Станимир Станковски | | |
| 13 | Мустафа Алили | | |
| 14 | Гани Драшковиќ | | |
| 15 | Блажевски Трајче | Проф. ака | |
| 16 | Блажевска Слободанка | арх. | |
| 17 | Ioannis Kasounis | HILL | |
| 18 | Vassiliki Katrami | -II- | |
| 19 | Menka Spirovska | -II- | |
| 20 | Зулијана Никова | -II- | |
| 21 | Stipcarov Boris | Hill | |
| 22 | [illegible] | ОЧС | |
| 23 | Сашко [illegible] | претприемач | |
| 24 | [illegible] | ОЧС | |
| 25 | [illegible] | ОЧС | |
| 26 | Билјана [illegible] | ОЧС | |
| 27 | Воислав [illegible] | одбсм. | |
| 28 | Аце Арсовски | ЈКП. | |
| 29 | | | |
| 30 | | | |
| 31 | | | |
| 32 | | | |
| 33 | | | |
| 34 | | | |
| 35 | | | |